Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.08/14,04/19, 07/19,01/21,11/25,13/25 и 04/26) постапувајќи по барање на **Ројал Солутионс-Подружница Управител плус** - Скопје за сечење и кастрење на дрва Градоначалникот на Град Скопје, донесе

Р Е Ш Е Н И Е

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши: сечење на урбано зеленило (јавно зеленило) на 3 (три) дрва (чемпреси) како и кастрење на 1(едно) дрво (паулонија) што се наоѓаат **на ул.„Дрезденска„бр.15/3 – Скопје.**
2.Сечењето и кастрењето на дрвата ќе го изврши ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје најдоцна во рок од 30 дена од денот на правосилноста на решението.
3. Сечењето и кастрењето на дрвата да се изврши стручно и на соодветен начин како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
4. Се обврзува ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје во рок од 30 дена по реализација на точка 1, од ова решение да изврши компензациско садење на 3 (три) дрва постари од 6 години на иста парцела каде што е извршено сечењето, а доколку тоа не е можно во пречник од 500 м од исеченото стебло.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

Ројал Солутионс-Подружница Управител плус, ул.„Багдадска„бр.36А-10 - Скопје, поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр.**14-6/1052** од **17.11.2026** година за сечење и кастрење на дрва што се наоѓаат на **ул.„Дрезденска„бр.15/3 – Скопје.**
Службено лице од Град Скопје и службеникот од ЈП "Паркови и зеленило" –Скопје го разгледаа барањето и извршија непосреден увид на посочената локација. При тоа е утврдено дека дрвата што се за сечење се навалени накај паркираните возила со плитки корени и може да паднат и да предизвикаат материјална или друга штета додека пак дрвото што е за кастрење има суви и кршливи гранки и надвисната гранка кои треба да бидат искастрени.
Согласно член 8 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило ("Службен весник на Република Македонија" бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија" бр.42/20 и 224/24 јавното зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување во границите на планскиот опфат на урбанистички план, урбанистичкопланска документација, регулациски план на генерален урбанистички план како и архитектонско-урбанистички проект.
Согласно член 9 став 1 точка 8 од горе наведениот закон, јавното зеленило, предмет на ова решение се смета за ,, друго зеленило на јавни отворени простори ,, .Надлежен субјект за реализација на ова решение е ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или градот Скопје се должни да донесат решение со кое ќе ја утврдат

потребата за сечење, односно кастрење на оштетеното дрво, и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Согласно член 36 од горе наведениот закон со решението за сечење на дрва се утврдува обврската, да се изврши компензациско садење со соодветен број дрва чиј збирен пречник одговара на пречникот на пресеченото дрво, при што новите дрва треба да бидат постари од шест години.
Во став 3 од истиот член стои дека компензациското садење се врши на истата парцела, а ако тоа не е можно, во пречник од 500 м од местото на исеченото стебло, на сопствена или туѓа парцела, со писмена согласност на сопственикот на парцелата.

Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за јавно зеленило и е одлучено 1(едно) дрво да биде искастрено, а 3(три) дрва да бидат исечени бидејќи е констатирано дека поради состојбата на дрвата истите треба да се отстранат.
На ЈП “Паркови и зеленило” –Скопје му е наметнато компензационо садење за дрвото за кое е дозволено сечење.
Поради се горе наведеното е одлучено како во диспозитивот.

Правна поука: Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/1052/2**
23.11.2026 година
Скопје

Доставено до:Барателот, ЈП “Паркови и зеленило”-Скопје и Архива

Изработил:
Сандра Димовска

Раководител на одделение
Емил Дуровиќ

Помошник Раководител на сектор
Петар Гичаровски

Раководител на сектор
Зоран Лапевски

Секретар на Град Скопје
Славче Трпески